## Услови за користење на Платформата за Отворено банкарство

### Вовед

Регистрацијата, пристапот и користењето на Платформата за Отворено банкарство на НЛБ Банка АД Скопје (во понатамошниот текст: Банката), односно пристапот до објавените алатки и апликации, кои што Банката ги објавува како јавно достапни на својот портал (NLB | | Developer Portal) подлежат на следниве Услови за користење на Платформата за Отворено банкарство. Банката го задржува правото да ги измени овие услови и одредби без претходно известување, преку објавување на нови или изменети услови и одредби на Платформата за Отворено банкарство (во понатамошниот текст: Платформата). Со самото пристапување и/или користење на сервисите на Платформата потврдувате дека сте го прочитале и разбрале Условите за користење на Платформата и се согласувате со наведените одредби и услови.

### Регистрација на развојниот веб портал – Платформата за Отворено банкарство

За да добиете пристап до Платформата, потребно е да извршите регистрација преку веб-страницата NLB | | Developer Portal. Банката го задржува дискреционото право самостојно да ги разгледува и одобрува поднесените барања, како и да одбие регистрација која не е во согласност со овие услови, или поради несоодветно и штетно однесување, или доколку има сознанија за цели и намери различни од намената на сервисите на Платформата, како и од други причини релевантни за Банката. Сите доставени информации мора да бидат точни, целосни и веродостојни, а вие сте одговорни тие да останат ажурирани во текот на целиот период на регистрација.

По успешно завршена регистрација, ќе ви бидат доделени кориснички податоци за пристап, вклучувајќи лозинки и други информации поврзани со вашата корисничка сметка за девелопер (developer user account).

### Користење на Платформата за Отворено банкарство

Користењето на Платформата е регулирано со условите и одредбите од овие Услови за користење на Платформата за Отворено банкарство.

Со овозможување пристап до Платформата, Банката ви доделува ограничена, непреносива и отповиклива дозвола за нејзино користење, исклучиво во рамки на дозволената и правилна употреба, во согласност со условите и одредбите наведени во овие Услови за користење на Платформата за Отворено банкарство.

Под правилна употреба се подразбира користење на интерфејсот и придружната документација единствено за проценка на изводливоста и за тестирање на имплементацијата на Платформата во продукциска средина. Секое несоодветно постапување, вклучително, но не ограничено на прекумерно користење, злоупотреба или намерно нарушување на функционирањето на Платформата, може да доведе до привремена или трајна забрана за пристап, како и до покренување соодветни правни постапки, по одлука на Банката.

Банката ја става на располагање Платформата која е развиена согласно меѓународно воспоставен индустриски стандард, и во согласност со локалните регулаторни барања без какви било изречни или имплицитни гаранции. Банката не гарантира дека Платформата ќе ги исполни вашите потреби или дека резултатите од нејзиното користење ќе бидат според вашите очекувања.

Платформата не претставува обврска за Банката за имплементација на конкретни услуги, освен минималните законски барања, технички решенија или функционалности. Освен ако не е поинаку изречно наведено, сите идни промени или надградби се предмет на овие Услови за користење на Платформата за Отворено банкарство.

Банката не сноси одговорност за точноста на содржината достапна преку Платформата, а за потребите на тестирањето, ниту за пропуст, директен или индиректен, што може да произлезе од користењето на таква содржина.

Банката го задржува правото во секое време да ја измени, суспендира или целосно да ја прекине Платформата, привремено или трајно, со или без претходно известување, а заради сопствени причини. Банката нема да сноси одговорност за какви било последици од наведените измени.

Пристапот до Платформата се доделува на неопределено време, освен ако не биде прекинат или ограничен од страна на Банката. Банката има право веднаш и по сопствена проценка да го прекине, одбие или ограничи пристапот до Платформата поради објективно оправдани причини поткрепени со соодветни докази кои се однесуваат на неавторизиран или измамнички пристап до Платформата од страна на давателот на услуги за давање информации за платежните сметки или од страна на давателот на услуги за иницирање на плаќања, вклучувајќи го и неавторизираното или измамничкото иницирање на платежна трансакција, со или без известување во случај на прекршување на условите и одредбите за правилна употреба наведени во овој документ и за истото соодветно да ја извести НБРСМ. Банката не е одговорна за последиците од таквото раскинување кон вас или кон трети лица.

Во случај на ТППто од било која причина му биде одземена лиценцата за работа издадена од НБРСМ или истата биде изменета од страна на НБРМ, ТПП мора веднаш без одлагање да ја зивести банката за настанатата промена. Во спротивно ТПП е одговорно за било која штета причинета на банката или Било кое трето лице.

**Правила за користење на Платформата**

Вие сте целосно одговорни за сите активности извршени со вашите кориснички податоци за пристап, без разлика дали ги извршувате лично или некој друг ги користи вашите податоци. Обврзани сте да ги почитувате сите законски регулативи и да не креирате или споделувате содржина која е незаконска, неприфатлива или може да се толкува како таква.

Следниве активности се строго забранети на Платформата:

1. ја разложува, декомпилира, декодира, изведува или на кој било друг начин обратно ја конструира или на друг начин го смени софтверот на платформата, или на кој било друг начин користи какви било постапки или процеси на Платформата со цел воспоставување, изведување и/или присвојување, за која било причина или намена, изворен код или изворни наводи за Платформата, или кој било алгоритам, процес, процедура или друга информација за Платформата, освен ако не е експлицитно одобрено поинаку со овие Услови за користење на Платформата за Отворено банкарство, или врз основа на задолжителното законодавство.
2. дава под наем, пренесува, доделува подредена лиценца, дистрибуира, одобрува пристап или споделува софтвер или документација на платформата, освен ако тоа не е изрично писмено одобрено од страна на Банката, дејства кои ги оштетуваат, попречуваат или на друг начин негативно влијаат врз функционирањето на услугите или системите на Банката.
3. Инсталирање на вируси или друг злонамерен софтвер на Платформата или во системите на Банката.
4. Користење на роботи, програми за пребарување, апликации или други средства за автоматско преземање или индексирање на содржината на базата на податоци.
5. Собирање информации за други страни без нивно одобрение и нивна лична регистрација на платформата.
6. Обиди за неовластен пристап или користење на услугите или системите на Банката

**Права на интелектуална сопственост**

Платформата претставува интелектуална сопственост на Банката. По успешна регистрација, добивате ограничено, непреносливо и отповикливо право да ја користите Платформата за времетраење на вашата регистрација, исклучиво за целите за користење на Плаформата, без право на под-лиценцирање и во согласност со овие услови и одредби.

На Банката ѝ давате ограничено и неексклузивно право да го користи објектниот код и другата содржина што ја внесувате или креирате на порталот, единствено и со цел да ја управува и одржува Платформата, како и за потребите на задоволување на регулаторните барања.

Вие гарантирате дека ги поседувате правата на интелектуална сопственост за содржината на софтверот кој го употребувате и дека истата не ги нарушува правата на трети лица и правата на Банката. Воедно, останувате одговорни за содржината за целото времетраење на користењето на Платформата, а Банката се оградува од каква било одговорност за истата. Исто така, се обврзувате да ја обесштетите и да ја ослободите Банката од било какви трошоци, штети или побарувања кон трети лица кои тврдат дека содржината или друг материјал што сте го обезбедиле или користеле преку Платфомрата ги нарушува нивните права на интелектуална сопственост.

**Доверливост на информации и заштита на лични податоци**

Должни сте да ја чувате доверливоста на податоците за автентикација и пристап до Платформата и не смеете да ги пренесувате, отстапувате или на кој било начин да ги откривате на трети лица, ниту да ги користите за друга намена. Секоја употреба на податоците за автентикација и пристап се смета дека е од страна на лице овластено од Ваша страна. Доколку дознаете или се посомневате дека нивната доверливост е нарушена, обврзани сте без одлагање да ја известите Банката. Исто така, не е дозволено да се обидувате да менувате какви било податоци за автентикација, пристап или безбедносни механизми поврзани со функционирањето на Платформата за Отворено банкарство. Во случај на злоупотреба на креденцијалите за најава/автентикација на Платформата за кои директно и непреносливо сте одговорни вие, штетата од истото ќе биде на ваш терет.

Кои било информации кои се достапни на Платформата, мора да ги третирате како строго доверливи и да не ги откривате на трети лица. Вие се согласувате да ги заштитите овие информации од неовластен пристап (споделување, копирање, продавање и др.) и да се грижите за нивната доверливост во текот на целото времетраење на користењето на Платформата. Оваа обврска за доверливост останува да важи за Вас и по престанок на вашата регистрација на Платформата по било кој основ. Во случај на злоупотреба на кои било информации достапни на Платформата за кои директно и непреносливо сте одговорни вие, штетата од истото ќе биде на ваш терет.

Вие како корисник сте должен да преземете соодветни мерки за обезбедување на сите информации поврзани со обработката на личните податоци која се однесува на субјектите на личните податоци на концизен, транспарентен, разбирлив начин и во лесно достапна форма, со користење на јасен едноставен јазик (најмалку преку акт дедициран за приватноста – Изјава за приватност, Информации за приватност, Политика за приватност или друг соодветен акт).

**Престанок на регистрацијата**

Банката може да ја прекине вашата регистрација и пристап до Платформата во секое време, без претходно известување. Вашата регистрација ќе се прекине автоматски во случај да биде

прекршена која било точка или член од овие Услови за користење на Платформата за Отворено банкарство. По престанокот, сите права што ви беа доделени според овие услови и одредби и ќе престанат да важат.

**Ограничена одговорност**

Платформата и нејзината содржина се достапни како што се понудени и користењето на Платформата е целосно ваша одговорност и ризик. Банката не дава гаранции, особено за тоа дали Платформата е без грешки, достапна или точна, а притоа Банката ќе ги почитува сите локални законски барања..

Банката не одговара за штета предизвикана од трети лица. Доколку вашата регистрација биде прекината, Банката нема да одговара за какви било штети предизвикани на ваша страна.

**Општи одредби**

Односот помеѓу Вас и Банката се уредува согласно позитивната законска регулатива на Република Северна Македонија. Во случај на спор, надлежни за решавање на спорот ќе бидат судовите на Република Северна Македонија.

Официјален канал за комуникација со Банката е јавно достапен на веб страната на банката, во моментов тоа е телефонскиот број 02 15 600 и е-маил адресата info@nlb.mk.

Банката за свои потреби може да го контактира корисникот во секое време а на последно достапна е-маил адреса со која корисникот се регистрирал на Платформата (NLB | | Developer Portal) на Банката.